Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 26-09-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08-Д | | | |

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

0302-080-1/18
Скопје, 25.9.2018

**До: Влада на Република Македонија**
**Бул. Илинден бр. 2**
**1000 Скопје, Република Македонија**
**За: г. Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Македонија**

**Предмет: Спорен предлог нов Закон за вршење на сметководствени работи**

Почитуван г. Заев,

Би сакале да истакнеме особена благодарност за досегашната соработка која ја оствaруваме и која се надеваме дека успешно ќе ја спроведуваме и во иднина градејќи економски политики и регулатива за унапредување на стопанството.

Имено, Ви се обраќаме да Ве информираме во врска со последните случувања врзани за нетранспарентниот предлог нов Закон за вршење на сметководствени работи, објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи на РМ (ЕНЕР) на 20.09.2018 година, за кој пристигнаа стотици критики и прашања за правната сигурност во државата кога постојат обиди во Вашата администрација да се носат закони без да се консултираат релевантните засегнати страни.

Врз основа на постојното законско решение сметководителите, како и правните лица во Република Македонија имаат превземено инвестиции со цел да го имплементираат Законот за вршење сметководствени работи кој се покажа во пракса како функционален, за да сега на несериозен начин, а нејасно во заштита на чии интереси се подготви нов закон за кој постои обид на нетранспарентен начин и без широка расправа да се донесе.

Ве известуваме дека како релевантни институции во Република Македонија застануваме силно против наведеното, особено бидејќи во предлог законот се предвидува интервенционизам од страна на државата и нејзините органи врз Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ (ИСОС) како независна и невладина организација која по закон е формирана на овие постулати, а државниот интервенционизам е спротивен на европската пракса, меѓународни правила и хармонизацијата кон легислативата кон која целиме.

Министерството за финансии како носител на законот го подготвил новиот предлог на истиот, во кој предвидува измени со државен интервенционизам каде самото Министерство се вметнува како орган на управување на независна организација односно во нејзиниот Управен одбор, што е недозволиво и се коси со сите меѓународни правила и практики, особено за држава претендент за влез во Европската Унија, а истовремено држава која се обврзала да почитува и меѓународни акти и стандарди.

Сметаме дека вакви форми на интервенционизам во предметната легислатива е обид за ставање рака од страна на поединци врз сектор кој е од интерес за целото стопанство, кога постоечкото законско решение докажано функционира, доколку се изземат од вид блокадите од страна на дел од административните службеници во Министерството за финансии.

Исто така, во предлог измените се дава образложение дека Собрание на Институтот за сметководители и овластени сметководители на РМ се менува бидејќи 50 лица (како што предвидува постоечкиот закон) не можеле да управуваат организација од 8.000 членови, а во Република Македонија сите независни организации се управувани од органи предвидени на истиот начин, дури и Република Македонија, држава од 2 милиони граѓани ја води Собрание од 120 претставници. Покрај наведените аргументи, според администрацијата на Министерството која ги подготви овие измени полни државен интервенционизам потребно е да има по еден претставник на стотина луѓе.

Особено напоменуваме дека администрацијата на Министерството која го подготвила новиот закон, не се консултира со засегнати организации и релевантни засегнати страни и очигледна е намерата за носење на законот на сила. Најважното е што на ЕНЕР во Известувањето за промена на регулатива во делот за Најава за јавен увид и јавна расправа, од страна на министерството е наведено дека јавна расправа не е предвидена, што е потврда за се погоренаведено и јасно се воочува дека станува збор за нетранспарентен процес на донесување на закон, кој е исклучително важен за целото стопанство. Исто така, не е изготвена анализа за фискалните импликации кон независната организација за колку ќе го оптоварат овие наметнати измени нејзиниот буџет, за да се знае веќе кога се наметнува од државата колку ќе чини оваа екскурзија во законодавството и која е цената на негово имплементирање, а на штета на организацијата. Напоменуваме дека Закон за вршење на сметководствени работи постои и веќе се имплементира и е функционален Закон, чија единствена мана е што е блокиран од страна на административна служба во Министерството.

Наменското кроење на Закони кои ќе одговараат на поединци, а не на потребите и условите на пазарот, треба да е дел од минатото. Секоја влада која претендира да развие сериозна економија потребно е да ги менаџира процесите најпрво транспарентно и во согласност со зацртаните економски реформски процеси со консултација со сите засегнати релевантни страни, а во минатото да го остави кроењето на политики зад затворени врати.

Согласно нашата досегашна директна и успешна соработка која се темели на градење на јавно приватен дијалог заснован на постулатите на отвореност и транспарентност, Ве повикуваме да како Претседател на Владата, а врз основа на Вашите овластувања, ставите крај на ова самоволие и во духот на европските вредности кон кои се стремиме овозможите процес на дијалог кој ќе има како резултат од најдобро, најквалитетно и ненаметнато решение.

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да нè контактираат на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

Александар Зарков, Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*